Воислав Д. КУШЕВСКИ

# Д-Р ИВАН КАТАРЏИЕВ — НАШ ИСТАКНАТ ИСТОРИОГРАФ И ОПШТЕСТВЕНИК

## — По повод 60-годишнината од раѓањето —

Д-р Иван Катарџиев е роден на 6 јануари 1926 година во с. Плоски, Пиринскиот дел на Македонија, од родители, бегалци од Егејскиот дел на Македонија.

Основно и средно образование (гимназија) завршил во родниот крај. По ослободувањето во 1946 година со група од 20 средношколци од Пиринска Македонија доаѓа во НР Македонија, врз основа на спогодбата помеѓу КПЈ и БКП за остварување културна автономија на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија.

Во ослободена Македонија студирал историски науки на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што во 1951 година дипломирал со висока оценка.

Во 1951/52 година бил средношколски професор по историја во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. По завршениот воен рок во ЈНА, во 1953 година бил избран за асистент на Институтот за национална историја (ИНИ). Во 1959 г. се здобил со академско звање доктор по историски науки на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје. Во 1961/62 година боравел на специјализација во Франција, како стипендист на Француската влада.

Во ИНИ работел до 1967 година. Во истата година бил избран за член на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Како член на Советот раководел со Одборот за образование, наука и култура на овој орган. По две години (1969) бил избран за сојузен пратеник во Соборот на народите. Од 1973 г. бил директор на Народната и Универзитетската библиотека „Климент Охридски" во Скопје, а од 1 септември 1978 година именуван за виш советник на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Уште како гимназист се пројавил со својата напредна политичка ориентација. По 9 септември 1944 година, бил при-

мен во Работничкиот младински сојуз (РЕМС), за наредната година да биде претседател на градската организација во Свети Врач (денес Сандански). Во 1946 година станал и член на БРП(к).

Како студент на Филозофскиот факултет во Скопје, продолжил со својата општествено-политичка активност. Раководел со Партискиот комитет за младинци од Пиринскиот дел на Македонија, кои се наоѓале на школување односно студирање во Скопје. Учествувал на повеќе работни младински акции. Придонел половината од студентите — Македонци од Пиринска Македонија, да не се изјаснат за Резолуцијата на Информбирото, туку да останат во НР Македонија. Иван Катарџиев бил примен за кандидат (1948) и потоа за член на КПЈ (СКЈ). Подоцна бил биран за секретар на основна партиска организација (1957/58), потоа за член на општински комитет на СКМ (1963/64) за член на ЦК на СКМ 1964/73. Бил претседател на Комисијата за меѓународни односи на ЦК СКМ (1967/68).

Неговата општествено-политичка ангажираност се надополнува и како бирано лице за одборник на општинско и градско собрание (Скопје). Исто така бил пратеник во Организационо-политичкиот Собор на Собранието на СРМ (1965/69) и потпретседател (1963 — 1967). Бил активен и во Здружението на историчарите на СР Македонија, чиј секретар и претседател бил во периодот 1962 — 1966 година. Раководел и со Друштвото на библиотекарите на СРМ (1957 — 1967), како и со Заедницата на националните библиотеки на Југославија (1976 — 1978).

*

* *

Д-р Иван Катарџиев, рано, веднаш по дипломирањето почнал да се бави со научно-истражувачка работа.

Првите трудови му се од роднокрајното минато и пошироко од Пиринскиот дел на Македонија. Дури и неговата докторска дисертација е посветена на „Серскиот револуционерен округ од Кресненското востание до Младотурската револуција.“ На проучување на минатото на својот роден крај — Пиринскиот дел на Македонија, се запира и подоцна, со попродлабочени опсервации, особено откако Кресненското востание го свртува вниманието на македонската историографија, со новата истражена документација, а и во врска со одбележувањето 100-годишнината од овој крупен настан. Тоа има и свое посебно значење, бидејќи на оваа историја Катарџиев се навраќа во своето посозреано доба како научник — историограф. Тогаш му се објавени и одреден број прилози на оваа тематика, особено за Кресненското востание (1978/79).

Затоа, во сумирањето на историографските резултати, на Катарџиев несомнено му припаѓа заслугата во истражува-

њето на поновата историја на Пиринскиот крај на Македонија, за која што со пок. Димитар Митрев, и тој дал фундаментални прилози.

Како и другите македонски историографи (од неговата и постарата генерација) и тој посветил внимание на национално-ослободителните борби на македонскиот народ, опфаќајќи го времето од 80-те години на XIX век, до оружената пресметка на балканските држави за распределба на македонската земја (Балканските војни) и нејзиното санкционирање на Париската мировна конференција (1919 г.).

Меѓутоа, тежиштето на своето научно-истражувачко интересирање д-р Иван Катарџиев подоцна го проширува на проучувањето на најновата историја на македонскиот народ меѓу двете светски војни и тоа во Вардарскиот дел на Македонија, при што пројавува својствен афинитет. Главна тематска преокупација му е револуционерното работничко и национално македонско ослободително движење и неговите политички субјекти. Оттука, во фокусот на неговото внимание е Коминтерната, Балканската комунистичка федерација, зашто тие се неизбежни истражувачки преокупации, со оглед на познатата ангажираност на овие фактори и со македонското прашање, односно со ослободителната борба на македонскиот народ. Во таа смисла е бележлив неговиот интерес за историјата на ВМРО (обединета), за Партиската организација во Македонија и КПЈ, кој се движи во рамките на македонското прашање, за да го издвои и осведочи — како неодминлива компонента на југословенското работничко револуционерно движење во овој период и во Народноослободителната војна, — и кога македонското комунистичко движење станува негов носител и репрезент. Впрочем, оваа тематика морала да се наметнува ако се сака интегрално да се приоѓа кон проучувањето на македонското ослободително движење во тоа време.

Неговата умешност, способност, а и храброст како истражувач треба да се цени и по тоа што иако Иван Катарџиев не живеел во овој (Вардарскиот) дел на Македонија меѓу двете светски војни, сепак, со упорен труд, со истражувачка страст и волја, со позитивна мотивираност, успеал да проникне во голем број суптилни прашања и на нашата научна јавност да ѝ пружи вредни трудови, да открие нови страници од нашето минато.

Во таа смисла се издвојуваат двете негови книги — „Време на зреење“ и неговите одбрани трудови, во четири книги, озаглавени како „Борба до победа“ (наслови за љубопитните!). Во нив главно се изложени приликите во Македонија од Првата светска војна до триесеттите години на овој век, се следи македонското ослободително движење во услови на територијалната распарченост на македонскиот народ, неговите

резултати во тие нови услови, за да го насочи тежиштето кон темите кои се однесуваат на југословенското работничко движење — допирливи, се разбира, со македонското прашање и др.

Неговите истражувања на македонското ослободително движење меѓу двете светски војни претежно во Вардарскиот дел на Македонија, се од особена важност и за согледување на неговата трајност и континуитет до неговото влегување во решителната битка, во НОВ, во која е извојувана македонската слобода и државност — СРМ. Имено, со овие свои истражувања Иван Катарџиев пополнил една празнина во нашата историја. Со тоа е своевидно збогатена и историјата на КПЈ, посебно на партиската организација на КПЈ во Македонија меѓу двете светски војни.

Согледувајќи го севкупниот богат историографски опус на д-р Иван Катарџиев, се наметнува и констатацијата дека ретко кој од нашите историчари ја истражувал во такви размери поновата и најновата историја на трите делови на Македонија. Со тоа евидентно се изразени научно—истражувачките намери — македонското прашање да се третира развојно нагласувајќи ги настаните и процесите кои треба да го изразат единството и континуитетот на поновата и најновата борбена историја на македонскиот народ во сите три дела на Македонија, водејќи сметка и за територијалната поделеност и за различните новонастанати историски (економски, политички и културни) прилики и др.

Неговите трудови не се теоретски медитации работени врз туѓи истражувачки напори или туѓа научно-истражувачка продукција, туку се резултат на долгогодишна, упорна, макотрпна работа врз истражена документација, за да се дојде до автентични судови, обопштености, до научна синтеза, оценка и сл.

Како афирмација на реченото, тој е познат меѓу историографите како упорен архивски истражувач. Катарџиев со години боравел во наши и странски архиви и библиотеки и (придржувајќи се кон овој императив во истражувачкиот пристап) се здобил со методолошка и техничка умешност и во обработката, издавањето и користењето на архивска граѓа. Во тоа се осведочил и како реализатор на издадени зборници на документи од нашето минато. На пример, тој е еден од приредувачите и редакторите на двотомникот „Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава.“, во издание на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, 1982 година.

Д-р Иван Катарџиев се одликува со широка верзираност во литературата, објавената документација, во дострелите и проблемите на македонската историографија, се разбира од доменот на неговиот научен интерес. Тоа му овозможувало и

овозможува да се посветува на обработка на релевантни и интересни теми и прашања, со презентација не само на нови податоци, туку и на богатството на облиците на ослободителното движење на македонскиот народ во времето што го истражува.

Кај него е присутна своевидна тенденција да се надминат домашните историографски рамки, пред сè во методолошка смисла. Неговиот пристап во истражувањето е со солидна интелектуална зрелост и студиозност и со развиено чувство на научна одговорност. Со нему својствена критичност, со тенденција нашето минато да го третира без разубавување — Катарџиев дал придонес во обработката на оваа сложена и деликатна тематика од историјата на македонското ослободително движење. Затоа, неговите истражувања значат збогатување и освежување на современата македонска историографска мисла.

Покрај новопронајдените податоци и со иновативен методолошки пристап, смело впуштајќи се во нови насоки на историското истражување, Катарџиев со своите резултати го привлекува вниманието на научната и општествената јавност не само кај нас, туку и кај дел од југословенските и странските историографски центри. Тоа го осведочуваат одделните негови студии и прилози што се објавени во Полска, Франција и во Советскиот Сојуз, како и позитивните рецензентски одзиви за неговите објавени трудови во некои земји во странство и кај нас. Така, познатиот словенечки и југословенски историчар д-р Јанко Плетерски неговата студија во два тома „Време на зреење", односно за хрватското издание под наслов „Македонското национално прашање 1919 — 1930 г." (Загреб, 1983 г.), го оценува како „фундаментална монографија за македонското национално прашање од 1919 — 1930 година". И германскиот историчар д-р Стефан Троебст, го одбележува ова дело на Катарџиев, како „значајна синтеза за политичката историја на трите дела на Македонија, од Светската војна до светската економска криза."

Со оглед на неговите квалитети, Катарџиев не случајно се јавува и како автор и коавтор на синтетизирани прегледи на историјата на македонскиот народ и тоа во „Историја на македонскиот народ", Т. I-III (Скопје, 1969) и во „Историја на македонскиот народ" (кратка верзија), (Скопје, 1969). Тој е ангажиран и во пишувањето на Историјата на КПМ.

Значајна е и неговата публицистичка активност, присутна во македонскиот и југословенскиот дневен печат („Нова Македонија", „Вечер", „Политика", „Борба", — како долгогодишен член на уредувачкиот одбор, претставник од СР Македонија — и други.). Тој е автор на бројни критики и рецензии.

Сето тоа осведочува, дека д-р Иван Катарџиев во историската наука кај нас и во нашето време, зазема едно од предните места на оваа генерација современи македонски историографи.

*

* *

Д-р Иван Катарџиев е ангажиран и редовно присутен на бројни научни средби на македонските историчари и пошироко. Често е нивни организатор или член на раководните тела. Бил поканува̀н и учествувал на симпозиумите од општојугословенско значење. За тоа сведочат и неговите објавени трудови во историографските зборници на другите наши научни центри, институти или здруженија. Со тоа во значителна мерка придонел за презентацијата на резултатите на македонската историографија надвор од нашата Република.

Д-р Иван Катарџиев не е научник ex cathedra, туку спаѓа во личности кои умеат рационално да ја осмислат и насочат својата професија. Тоа своевидно го посведочува неговата неуморна и плодна творечка интелектуална дејност, како научник — историчар и општественик. Тој е често присутен и сред широката општествена јавност, на пример со споменатите бројни публицистички прилози во средствата за јавно информирање.

Многу често е поканува̀н да држи и бројни предавања како вешт наратор и интерпрет на нашето минато, а особено на одделни суптилни проблеми на историската наука. Во оваа смисла е готов и да води дијалог, смело да се впушта во полемизирање со цел да даде свој прилог или мислење и да придонесе во расветлувањето на одделни контраверзни теми и прашања.

Како научник — историчар и општественик д-р Иван Катарџиев е познат и сред нашето бројно иселеништво во Канада, САД и Австралија. Бил во непосреден контакт меѓу нив, каде на популарен начин ја презентирал историјата на македонскиот народ.

Воопшто, тој е еден од оние историчари којшто со својата активност придонел и придонесува историјата на македонскиот народ да наоаѓа едукативна апликација сред широките слоеви на нашиот народ. И денес кај нас не постои информирано лице, кое не е запознато со историчарот Катарџиев. Тоа говори дека неговите трудови се читани и слушани од нашите луѓе, желни што повеќе да се просветуваат и учат за и од својата историја.

*
* *

За својата долгогодишна дејност како научник и општественик, бил и досега воочен од нашите државни и општествени фактори и органи, кои му оддавале признание. Така од Претседателот односно Претседателството на СФРЈ е одликуван со: Орден на трудот со златен венец, Орден на трудот со црвено знаме и со Орден заслуги на народ со златен венец.

Носител е и на повеќе републички награди за својата научна дејност.

Редакцијата на списанието „Историја“ — на овој начин му го честита јубилејот, неговото шеесетолетие, со искрени и топли желби за долг живот во неговата благородна животна, професионална и општествена актива и за натамошни годишнини и јубилеи, за нови дострели и придонеси во проучувањето на македонското и југословенското минато.